Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-90/2
17.02.2025 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**
**од 43-та седница на Советот на Општина Градско**
**одржана на ден 29.01.2025 година, со почеток во 14.00 часот**
**во салата на Општина Градско на следниот**

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Записникот од 42-та седница на Советот на општина Градско.
2. Предлог- Одлука за усвојување на Квартални извештаи (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на Општина Градско за периодот јануари- декември 2024 година- четврти квартал.
3. Предлог- Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Градско за 2025 година.
4. Предлог- Годишен извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Градско за 2024 година.
5. Предлог- Одлука за давање подарок по повод верскиот празник Богојавление- Водици 2025 година.
6. Предлог- Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка.
7. Предлог- Одлука за формирање на заедничка комисија.
8. Разгледувања на барања и поднесоци.
9. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Мирјана Ѓорѓиева.

Од 9 советници, на седницата присутни беа 8 советници: Мирјана Ѓорѓиева, Цане Будимов, Даниел Мирчов, Тоше Петревски, Слободан Бошков, Маја Андовска, Боне Спасовски и Сеат Сулковиќ. Отсутен беше советникот Јованче Стојанов.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита дневниот ред и предложи истиот да биде дополнет со две точки:

1.Предлог- Решение за именување на член во заедничката Комисија за подготовка на предлогот на актот за воспоставување на меѓуопштинската соработка и предлог на акти за основање или формирање облици преку кои ќе се остварува меѓуопштинската соработка и

2.Предлог- Одлука за усвојување на Одлуката за утврдување на цена на вода за пиење и цена за собирање и одведување на урбани отпадни води за регулиран период 2025-2027 година.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 8 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 43-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 42-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Совет на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 42-та седница на Совет на Општина Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 42-та седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 8 советници, со 8 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 42-та седница на Совет на Општина Градско.

*2.Одлука за усвојување на Квартални извештаи (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на Општина Градско за периодот јануари- декември 2024 година- четврти квартал.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Оразложение по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Ова се податоци за целата фискална година и податоците кои се наведени во кварталниот извештај се податоци кои ќе бидат идентични со завршната сметка. Приходите се вкупно наплатени во 91,90% од вкупно предвидените средства, додека расходите се реализирани во 88,21%, помал е процентот на капиталните приходи 63,78% од причина што недостасува вредноста за продажбата за земјиштето. Капиталните расходи се со 73,83% за кои сметам дека не е мал износот на реализација.

Сите средства се реализирани во рамки на самиот буџет и според овие проценти буџетот на општина Градско има висока реализација. Во однос на обврските доспеани а ненамирени голем удел има позајмицата која се провлекува од порано. За неа бараат наплата и Министрерството има можност да ги повлече средствата што се вишок на сметка на општината, доставивме барање да не се изврши тоа и со прввиот ребаланс да ставиме дел и да се врати позајмицата поради тоа што не толерираат повеќе, од краткорочна е станата долгорочна. Извештајот е веќе доставен до Министерство за финансии.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Квартални извештаи (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на Општина Градско за периодот јануари- декември 2024 година- четврти квартал.

Од присутните 8 советници, со 8 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Квартални извештаи (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на Општина Градско за периодот јануари- декември 2024 година- четврти квартал.

*3.Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Градско за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Оразложение по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Во однос на Одлуката за извршување на буџетот измената се прави за коефициентот на избрани и именувани лица, има намалување на коефициентот сега изнесува 2,08 %. Во меѓувреме стаса и допис од Миностерство за финансии каде што имавме насоки во однос на член 3 каде што се предвидуваат надоместоците во случај на смрт на вработен во општината или на член на потесно семејство треба да стои дали е член или не на синдикат да биде исто за сите.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Градско за 2025 година.

Од присутните 8 советници, со 8 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Градско за 2025 година.

*4.Годишен извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Градско за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Годишниот извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Градско за 2024 година.

Од присутните 8 советници, со 8 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Градско за 2024 година.

*5.Одлука за давање подарок по повод верскиот празник Богојавление- Водици 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за давање подарок по повод верскиот празник Богојавление- Водици 2025 година.

Од присутните 8 советници, со 8 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за давање подарок по повод верскиот празник Богојавление- Водици 2025 година.

*6.Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка.

Од присутните 8 советници, со 8 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка.

*7.Одлука за формирање на заедничка комисија.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за формирање на заедничка комисија.

Од присутните 8 советници, со 8 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за формирање на заедничка комисија.

*8.Решение за именување на член во заедничката Комисија за подготовка на предлогот на актот за воспоставување на меѓуопштинската соработка и предлог на акти за основање или формирање облици преку кои ќе се остварува меѓуопштинската соработка.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Решението за именување на член во заедничката Комисија за подготовка на предлогот на актот за воспоставување на меѓуопштинската соработка и предлог на акти за основање или формирање облици преку кои ќе се остварува меѓуопштинската соработка.

Од присутните 8 советници, со 8 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Решението за именување на член во заедничката Комисија за подготовка на предлогот на актот за воспоставување на меѓуопштинската соработка и предлог на акти за основање или формирање облици преку кои ќе се остварува меѓуопштинската соработка.

*9.Одлука за усвојување на Одлуката за утврдување на цена на вода за пиење и цена за собирање и одведување на урбани отпадни води за регулиран период 2025-2027 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 9 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде директорот на ЈКП Клепа Градско, Ванчо Цветков. Решението од регулаторна стаса во понеделникот, помина на Управен одбор и сега го доставуваме до советот на општината. Одлуката е пред Вас како се добиени цените, реално очекував поголемо покачување како што е случај со други општини. Просечната цена за 2025 година е 28,23 денари, кај физичките лица е 0,90 денари додека кај правните лица е 38,07 денари. Во 2026 и 2027 година повторно е со минимално покачување. Кога направивме споредба на сметките зголемувањето би било од 20 до 30 денари од сметка. Покачувањето е мало поради тоа што регулаторна како репер ја зема 2023 година кога сметките се уште се водеа на ЈКП Комуналец и тој трошок не е вкалкулиран. Одевме на тоа физичките лица да имаат минимално покачување. Во Виничани водата е поефтина поради тоа што не е со пумпи туку е по природен пат.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на цена на вода за пиење и цена за собирање и одведување на урбани отпадни води за регулиран период 2025-2027 година.

Од присутните 8 советници, со 8 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на цена на вода за пиење и цена за собирање и одведување на урбани отпадни води за регулиран период 2025-2027 година.

10.*Разгледувања на барања и поднесоци*

а) Барање од Рената Наумчева од Градско за доделување парична помош за новороденче.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 8 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

б) Барање од Здружение на глуви и наглуви за доделување еднократна парична помош.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 8 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување еднократна парична помош.

в) Барање од Барање од Мирко Митрески од Градско за доделување на финансиски средсва за лекување.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 8 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на финансиски средства.

*11.Разно*

Сеат Сулковиќ- дали ќе има атмосферска канализација или некои испусти на улица 8 Септември која што сега се прави.

Мирјана Ѓорѓиева- градоначалникот е отсутен, на наредна седница може да ни каже.

Маја Андовска- првиот легна полицаец во Долно Градско жителите сакаат да се тргне поради тоа што не е функционален, ако не ќе покренат петиција, да се санираат дупките после надвозникот и да се превземе нешто во врска со кучињата.

Тоше Петревски- ставен е од безбедносни причини.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред, Претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори 43-та седница во 15:00 часот.

Записник водел:
Мери Седмакова Димовска
_________________________

Претседател
на Совет на Општина Градско
Мирјана Ѓорѓиева
_________________________